Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Одделение за управување со човечки ресурси

Арх.бр. 04-2939/3

Дата 01.06.2021

ДО:Агенција за администрација
Адреса: Ул. „Јуриј Гагарин" бр.15
1000 Скопје

Предмет: Известување за објавување на интерен оглас

Почитувани,

Согласно член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Одделението за управување со човечки ресурси во Министерството за животна средина и просторно планирање доставува известување за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници.

За потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање потребно е да објавите интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници во МЖСПП на ден ____________ година во __________ часот.

Воедно бараме да номинирате административни службеници од Секторот за селекција на кандидати за вработување при Агенцијата за администрација, член и негов заменик, земајќи го предвид работното место потребно е номинацијата да биде од комисија за унапредување како во огласот на административните службеници.

Текстот на огласот ви го доставуваме во прилог на овој допис, а истиот треба да се објави на веб страницата на Агенцијата за администрација.

Со почит,

Прилог:

- Интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници во Министерството за животна средина и просторно планирање
- Пријава за унапредување

Државен секретар
Каја Шукова

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
Shkup MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил:Fitim Xhemaili
Контролирал/ Одобрил :Мисрете Едипи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor

Врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија"бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016, 11/2018 и („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.275/19 и 14/20), како и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, 01-1832/2 од 12.03.2018 година, 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-3932/1 од 16.07.2019 година, 01-4222/1 од 31.07.2019 година, 01-4222/4 од 04.09.2019 година, 01-4222/5 од 07.10.2019 година, 01-4222/7 од 15.10.2019 година, 01-6478/3 од 30.12.2019година, 01-7008/1 од 30.12.2019 година, 04-1604/1 од 02.03.2020 година, 01-4510/1 од 30.10.2020, 01-4583/1 од 05.11.2020 година, 01-5091/1 од 04.12.2020 година, 01-70/1 од 05.01.2021 година, 01-863/1 од 08.02.2021 година и 01-877/2 од 09.02.2021 година, Министерството за животна средина и просторно планирање објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 04-2939/2
01. 06. 2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 3/2021

За унапредување на административни службеници
Во Министерството за животна средина и просторно планирање

Министерството за животна средина и просторно планирање, објавува Интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници на следните работни места:

1. УПР 01 01 В01 000

**Советник за техничко спроведување на инфраструктурни проекти на инструментон за претпристапна помош (ИПА); Одделение за координација и техничко спроведување на инструментот за претпристапна помош (ИПА) – Сектор за Европска Унија; - 1 (еден) извршител;**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен- Градежништво и водостопанство, Хемиско инженерство, Правни Науки

- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- Најмалку три години работно искуство во струката

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

Паричен нето износ на збирот оддлелот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: **26.257,00 денари**

2. **УПР 01 01 В01 000**

**УПР 01 01 В01 000 - Советник за вработување, унапредување, мобилност и стручно усовршување-Одделение за управување со човечки ресурси - 1 (еден) извршител;**

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Психологија, Правни науки;

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- 
- најмалку три години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);

Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво: **26.257,00 денари,**

Распоред на работното време:

Работни часови во неделата - 40

Дневното и неделното работно време е од 7:30/8:30 часот до 15:30/16:30 часот, од понеделник до петок

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Министерството за животна средина и просторно планирање, кој ги исполнува општите и посебните услови за

пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за ситематизација во Министерството за животна средина и просторно планирање, при ова административните службеници треба да ги исполнува и следните услови:

- да е оценет со оцена „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен и нтерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на истото ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниотоглас.

Заинтересираните административни службеници, поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање до Одделението за управување со човечки ресурси и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси Coveckiresursi@moepp.gov.mk.

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази
- потврди за успешно реализирани обуки и/или
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

*НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.*

**Република Северна Македонија**

**Министерство за животна срединаи просторно планирање**

**ПРИЈАВА**
**За унапредување на административни службеници преку**
**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

1. **Податоци за огласот:**
   **Број на интерен оглас** -----------------------------------------------
   **Реден број на работното место за кое се пријавува**-----------------------------
2. **Пријава на кандидатот**
   **Име и Презиме**------------------------------------------------------------------------
   **Тековно работно место**
   ---------------------------------------------------------------------------------------------
   **Ниво** -------------------------------------------------------------------------------------
   **Работно искуство** -------------------------------------------------------------------
3. **Податоци за оценување во последната година пред објавување на интерниот оглас**
   ---------------------------------------------------------------------------------------------
4. **Податоци за изречената дисциплинска мерка една година пред објавување на интерниот оглас** **да/не**
5. **Податоци за звање на административниот службеник во последните две години пред објавување на интерниот оглас** ----------------------------------------------------

**Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни, доставените докази верни на оригиналот и дека на барањето на надлежниот орган ќе доставам доказ, во оригинал или копија заверена кај нотар.**

***Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дискфалификува од натамошната постапка***

**Место и датум**

---------------------

**Административен службеник**

**Име и презиме**

-------------------------------------